2016/СЕПТЕМВРИ

# СТУДИИ

analytica
thinking laboratory...

# Војна на гасот, кога елитите се караат граѓаните губат.

www.analyticamk.org

По повеќе од 20 години, гасификацијата на Македонија полека се одвива. Со парите од клириншкиот долг, Македонија до 2020 година треба да има гасоводна мрежа низ целата територија. Во моментов, завршена е првата фаза, гасоводот Клечовце Штип што започна лани да се гради, а од август 2016 година ќе почне изградбата на кракот Штип – Кавадарци, започната е изградбата на гасоводот Штип – Неготино, а изградбата на магистралните гасоводи од Неготино до Битола и од Скопје до Гостивар преку Тетово следи во наредниот период. Крсте Миладинов, генерален директор на МЕР, вели дека придобивка ќе имаат и стопанството и домаќинствата, а ќе се заштити и животната средина. - За реализацијата соработувавме со "Строј трансгас„ од Москва - рече Миладинов. (Нова Македонија)

Гасификацијата во Македонија не одеше и не оди без проблеми. Спорот со Макпетрол не е решен се' уште, а од 2013 на сила се измените во Законот за енергетика со што ефективно се централизираше гасификацијата во државата, при што заклучоците на Аналитика беа дека: зголемување на надлежностите на Владата во секторот природен гас може да ги доведат во прашање проектите за гасификација на локално ниво и е потребна поголема независност на единиците на локална самоуправа во управувањето со локалните прашања. Затоа, потребно е преразгледување на членовите 166а и 166б со цел нивно додефинирање и/или нивна измена во насока на давање на поголема надлежност на единиците на локалната самоуправа во делот на изградбата и функционирањето на постројките и инсталациите за природен гас[1] (Анализа на Законот за изменување и дополнување на законот за енергетика од мај 2013). Ваквите измени беа направени пред долгоочекуваниот приклучок на Јужен поток чија што реализација пропадна. Оттогаш државата е главниот двигател на гасификацијата на Македонија.

Две години подоцна, со наследениот клириншки долг започна изградбата на мрежата во Македонија како што беше споменато погоре. Останува да се види дали ќе се испочитува рокот до 2020 година. Што се однесува до гасификација на домаќинствата т.е. изградбата на дистрибутивната мрежа, тука работите не се толку јасни.

1 Само Куманово и Струмица како единици на локалната самоуправа имаат изградено сопствено снабдување со гас.

Најново од Владата на РМ е дека донесе одлука за нов проект за изградба на дистрибутивна мрежа на природен гас со која што ќе бидат опфатени сите три региона и која што треба да биде изградена преку јавно-приватно партнерство за кое во следниов период ќе биде објавен јавен повик. Не беше даден конкретен рок кога точно може да се очекува јавен повик за овие јавни приватни партнества, на што се надоврзува и фактот дека гасоводот само што почна со изградба. Советникот за енергетика на Премиерот Емил Димитриевски, Христијан Мицкоски, појасни дека е донесена одлука за 30 нови постапки, меѓу кои периодот на концесија од 20 е зголемен на 30 години (за дистрибутивната мрежа – забелешка на авторот), цената за приклучок е намалена од 100 на 80 евра (за домаќинствата – забелешка на авторот), при што останатокот го субвенционира Владата, како и дека опфатени ќе бидат сите општини со што природниот гас ќе биде достапен за сите граѓани. Додаде дека е одлучено и за гаранција за поинтензивна динамика (Денар.мк). Аналитика стои на ставот дека гасификацијата треба да се одвива заедно со општините, поготово што дистрибутивната мрежа поминува низ нивната територија и тие најдобро ги знаат локалните потреби и проблеми. Во светот трендот е да се оди кон децентрализација на енергетските системи и Македонија треба да го следи тој тренд за поуспешно справување со идните енергетски потреби.

Што се однесува до конкретните градежни активности, Аналитика во 2015 година пишуваше токму за нив. "Едно покренато прашање се потребните средства за изградба на километрите гасоводна мрежа: околу 450 илјади евра по километар од задолжувањето и околу 1.2 милиони евра по километар од Клириншкиот долг би биле потребни според она што го планира државата. Нема објаснување зошто е толкава разликата во фондовите за едниот и другиот дел од гасоводната мрежа, што доведува до сомнеж за тоа како е склучена оваа зделка со Русија за исплатата на нивниот долг). Друго прашање е зошто државата позајмува од комерцијалните банки, кои имаат понеповолни услови на кредитирање, наместо на пример Светска банка која исто така е заинтересирана за финансирање на гасификацијата (Хаос во енергетиката. Последните случувања во енеретскиот сектор во Македонија).

Секако ваквите програми и пла-

нови на владата не поминуваат и без критика на опозицијата која што пред се' имаше забелешки за чинењето на целиот проект за гасификација. Според СДСМ, во 2014 г. тогашниот минстер за транспорт и врски Миле Јанакиески, најави 150 милиони евра инвестиција за дистрибутивната мрежа долга над 650 километри. Минатата година Владата зема заем од 90 милиони евра за гасификација на делницата Штип-Неготино-Битола (127 километри) и делницата Скопје-Тетово-Гостивар (76 километри). Според вчерашната изјава на портпаролот на Владата, завршена е изградбата само на делницата Клечовце Штип, додека останатите се уште се во почетни фази (24 Вести).

Со најавените избори на 11 декември 2016 година постои ризик доколку се одложи политичката криза т.е. има нова политичка криза и овој проект да се развлечка како и многу претходно поради разни причини од кои многу беа токму политички.[2] Енергетиката и проблемите во енергетскиот сектор во Македонија беа оставени настрана периодов поради политичката криза со прислушувањето, па така на пример и новата изменета Стратегија за енергетика до 2035 година доцни можеби и повеќе од година дена со усвојување. Ваквите дејствија како и одложувањето на либерализацијата на пазарот на електрична енергија и постапките кои се водат против Македонија пред Секретаријатот на Енергетската заедница не влеваат надеж дека институциите, а и политичките елити се посебно загрижени за каква енергетска иднина оставаме на генерациите кои доаѓаат. Па оттука, не смее да се занемарат критиките за овој проект и сериозно треба да се следи неговата изградба, особено на дистрибуциската мрежа и приклучувањето на домаќинствата во иднина.

Сепак, околу 5 години за изградба на гасоводната мрежа не е долг период, кој доколку се почитува ќе ѝ овозможи на државата конечно да фати тек со енергетските текови во Европа, иако трендовите се движат во насока на поместување од конвенционални горива (тука спаѓа и гасот) кон обновливи извори на енергија, вклучувајќи ја и биомасата. Иако Македонија е далеку зад било каков европски процес, сепак според извештајот Придонесот на СЕЕ СЕП кон Извештаите за напредокот на земјите од Југоисточна Европа на Европската Комисија за 2016: Набљудувачки извештај за енергетика 2016 – линк на англиски, во 2014 година генерирала 14 GWh од сончеви панели со што стана лидер во регионот, но сепак ова е занемарливо во споредба со потенцијалот кој го има. Меѓутоа повеќето ЕУ членки веќе имаат и користат гас, со што може и треба да ѝ послужи на Македонија како транзитно гориво кон еден поодржлив, зелен енергетски систем. Постепеното напуштање на јагленот/лигнитот ќе се олесни со гасификацијата па оттука, што побрзо се заврши овој процес тоа подобро за енергететскиот систем на Македонија. Сепак, остануваат грижите за изградбата на дистрибуциската мрежа, бидејќи тука работите се посложени. Приклучување на домаќинствата може да не оди според планираното, треба добра подготовка и на самите домаќинства кои за прв пат ќе користат гас како и цена која би била конкурентна на биомасата или струјата која ја користат за греење, ладење, топла вода и готвење. ●

2 Билд.мк, Јужен тек пропадна, од каде Македонија ќе се снабдува со гас? http://www.build.mk/?p=41332, пристапено на 19.09.2016 година.



**АВТОР: СОЊА РИСТЕСКА**
sristeska@analyticamk.or
Истражувачки и менаџмент координатор
---------
*Аналитика*
*Тинк-Тенк*
*www.analyticamk.org*
*info@analyticamk.org*